**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-64

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11 и 41/2014), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Јадранска магистрала бр. 31, Бутел Скопје, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.11.2015 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала бр. 31, Бутел Скопје, Република Македонија стекнува контрола над **ЕКСКЛУЗИВ ФАРМА ДООЕЛ** со регистрирано седиште на Зона Индустриале бр. 57, Приштина, Република Косово, по пат на купување на удел, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## **О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на 22.10.2015 година, ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Јадранска магистрала бр. 31, Бутел Скопје, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација со која ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје стекнува контрола над ЕКСКЛУЗИВ ФАРМА ДООЕЛ со регистрирано седиште на Зона Индустриале бр. 57, Приштина, Република Косово.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ™ кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**:

- **ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје** – со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала бр. 31, Бутел Скопје и деловна активност трговија на големо со фармацевтски производи. ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје е член на Феникс Групацијата од 2010 година. ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје има зависно друштво во целосна сопственост - ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала бр. 31, Бутел Скопје и деловна активност услуги за поддршка во фармацевтскиот сектор.
- **ЕКСКЛУЗИВ ФАРМА ДООЕЛ** - со регистрирано седиште на Зона Индустриале бр. 57, Приштина, Република Косово и деловна активност трговија на големо со фармацевтски производи. ЕКСКЛУЗИВ ФАРМА ДООЕЛ припаѓа на Ексклузив Групата која е активна во Косово и Албанија. Ексклузив Групата нема зависни друштва во Република Македонија.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2, став 3 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство**:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**